**ЗАПИСНИК**

**од**

**Јавна расправа по Нацрт на Законот за прогласување на Белчишко Блато за заштитено подрачје во категорија IV - Парк на природа**

Место и датум на одржување: 7 април 2026 г.  (вторник), со почеток во 11:00 ч. во сала на состаноци во општина Дебрца, с. Белчишта

**Даниел Ристески , општина Дебрца** ја отвори јавната расправа и го презентираше дневниот ред.

**Градоначалникот на општина Дебрца Златко Сиљаноски** ја отвори дискусијата, го истакна значењето на блатото од повеќе аспекти, вклучувајќи го бенефитот кој го очекува општина Дебрца по прогласувањетона блатото за Парк на природата. На крајот од своето воведно обраќање ги покани присутните истакнувајќи дека ова е отворена дискусија, секој може да поставува прашања со цел непречено да се продолжи процесот на прогласување на блатото за заштитено подрачје.

**Ѓоко Зороски, Здружение за екологија и туризам ЕКОТУРИЗАМ 2016, Охрид**: како изработувач на Студијата за валоризација на природните и социо-економските вредности на Белчишко Блато, со презентација ги запозна присутните со природни вредности, категорија на заштита, предлог граници и предлог зони на Белчишко Блато за заштитено подрачје во категорија IV - Парк на природа.

**Исуф Фетаи, Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за природа**: ја презентираше постапката за прогласување на Белчишко Блато за заштитено подрачје во категорија Парк на природата, согласно Законот за заштита на природата. Истакна дека целта на оваа постапка е обезбедување долгорочна заштита на природните вредности на подрачјето, како и воспоставување систем за негово одржливо управување.

Во продолжение накратко ја презентираше правната процедура, досегашните активности и следните чекори во процесот.

**Анета Михајловска, Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за правни работи**: се осврна на правната компонента за прогласување на блатото, сегашните и предвидените активности за процедурата. Ги објасни претходните чекори кои биле преземени пред изработката на Нацрт-законот. Појасни дека постапката е усвоена од Влада, Нацрт-законот  е објавен на www.ener.gov.mk и детално ја објасни содржината на Нацрт-Законот. Се осврна на идниот  управител со заштитеното подрачје - Општина Дебрца, кој ќе ја врши непосредната заштита, а до донеување план за управување ќе биде донесена програма за управување. Потоа ги објасни процедурите и чекорите кои следуваат по одржување на јавната расправа, како: меѓусекторскаа комуникација, прибирање забелешки од ЕНЕР и од јавната расправа, по што се изготвува Извештај за јавната расправа, барања мислења до засегнати државни институции итн.

**Даниел Огненоски претседател на Здружение на ловци Охрид од Охрид:** Здружението постои од 1923 г., има над 400 члена, стопанисува со ловиште Белчишта бр. 7 за ситен дивеч од 1998 г.  кое го зафаќа целото подрачје предвидено за заштита. Имаат ловишта и во други региони во охридско, Косел Брежани, Завој и др.

Пред две години на јавно наддавање  го добиле овој терен за лов на ситен дивеч и уредно плаќаат концесија на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Револтирани се како ловци поради некординирање на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со Министерството за животна средина и просторно планирање, а имаат организирано ловочувари, кои се платени со плата и придонеси**.** Меѓудругото, не биле прашани како стопанисуваат со птиците и не биле известени и консултирани дека се одвива процедура за заштита на блатото. Имајќи предвид дека дека со прогласување на блатото за заштитено подрачје, нема да можат да имаат пристап на ловниот терен според предвиденото зонирањето, како ловци  ќе бараат обештетување.

**Стојан Трајаноски, жител на с. Белчишта**: предложи да се изгради мал мост до изворот „Сино Дувло“ кој ќе престставува туристичка атракција.

**Зоран Целакоски, ловник „Здружение на ловци Охрид“ од општина Охрид**: праша зошто да има нова чуварска служба и бараат како здружение да учествуваат во вршење на работите од надлежност на чуварската служба. Исто така, наведе дека не бил изестен како ловник дека на тој терен се изготвила Студија и ќе бараат писмени одговори до соодветните министерства (МЗШВ), дали ќе дојде до раскинување на Договорот за концесија на овој терен (Белчишко Блато), кое со прогласување на блатото за заштитено подрачје истото ќе се претвори во неловна површина и во рокот од 15 дена ќе поднесат писмена жалба.

**Анета Михајловска, Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за правни работи:** појасни дека Министерството за животна средина и просторно планирање ќе достави барање на мислења по службен должност до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Зоран Целакоски, „Здружение на ловци Охрид‘ од општина Охрид ,ловник** : смета дека со оваа ситуација, треба да се сменат ловностопанските основи, односно да се смени бонитетот на дивечот во ловиштето. Нивното здружение имало поставено хранилишта и солишта на блатото во минатото, а во минатото пуштале фазани на блатото кое било погодно за размножување на овие видови птици.

**Смиљка Тенева, Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за природа**: му постави прашање на Ѓоко Зороски дали при креирање на Студијата, изработувачот го земал предвид фактот дека површината на блатото е ловиште?

**Ѓоко Зороски, Здружение за екологија и туризам ЕКОТУРИЗАМ 2016, Охрид**: појасни дека уште на почетокот на подготовката на Студијата и за иницијативата во соработка со Општина Дебрца го известиле МЗШВ, но од нив не добиле никаков одговор

**Смиљка Тенева, Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за природа:** го праша Ѓоко Зороски дали ги известиле сите локални чинители при креирање на студијата, затоа што ова е зонирање кое ќе влезе во Законот?

**Ѓоко Зороски, Здружение за екологија и туризам ЕКОТУРИЗАМ 2016, Охрид, кое е изработувач на Студијата за валоризација на Белчишко Блато-Парк на природата**: одговори дека ги консултирале локалните жители од с. Ново Село и с. Белчишта во кои живеат и ловци.

**Даниел Ристески, општина Дебрца:** појасни дека биле доставени дописи до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, но не добиле одговор. Напомена дека Студијата била изработена во транспарентна постапка и од 2022 година јасно било дека се преземаат мерки за прогласување на блатото за заштитено подрачје, а еден од претставниците од ловците, Даниел Огненоски бил дел од Советот на општина Дебрца кога се усвоила Иницијативата за прогласување заштитено подрачје и била поднесена до Министерството за животна средина и просторно планирање. Следува процес на меѓуресорска координација меѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за животна средина и просторно планирање, со цел да се продолжи со процесот.

**Исуф Фетаи, Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за природа**: укажа дека во врска со поднесената Иницијатива од страна на општина Дебрца во 2022, Секторот за природа побарал мислења од сите засегнати страни, меѓу кои и од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, по основ на која добиле позитивно мислење.

**Ѓоко Зороски, Здружение за екологија и туризам ЕКОТУРИЗАМ 2016, Охрид**: појасни дека Студијата се изработила од реномирани експерти со соодветна дозвола од Секторот за природа.

**Зоран Целакоски, „Здружение на ловци Охрид", од општина Охрид, ловник**: се изјасни дека не навлегува во стручноста на Студијата, туку картирањето влегува во целото ловиште. Третата зона е проблематична, според Закон за ловство од 300 - 500 метра не смее да се лови до населени места и со предложеното зонирање не ќе може да се лови. Во првата зона има птици, патки на прелетување. Ако нема лов во третата зона, ловците ќе изгубат.

**Даниел Ристески , општина Дебрца:** праша дали има други дискутанти, по што никој друг не се јави за дискусија и со тоа дискусијата ја прогласи за затворена.

Дискусијата заврши во 13:00 ч.